Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и петтатаседница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 декември 2022 година**

**Скопје, декември 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и петтатаседница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 1 декември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет-комуникација започна во 13:25 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваад-р Артан Груби,прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата: Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

Покрај членовите на Владата на седницата учествуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествувам-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашањаи Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана,м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за добивање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација на изградба на Автопат А2, делница Кичево-Охрид

2. Барање за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, со Предлог-одлука

3. Информација за Концептот на реформи на даночната политика, со прилог

4. Кадровски прашања

5. Прашања и предлози

6. Информација за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука на вооружените сили на Република Црна Гора на Армискиот полигон „Криволак", со Предлог одлука

7. Информација за текот на работата и начинот на имплементација на Проектот „е-фактура"

8. Предлог на закон за ратификација на Референтниот документ за домашна регулатива во услугите со Листа за измена на Листа на специфични обврски во услугите

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност на Одлуката за отпочнување на постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за изградба на Автопат А2, делница Кичево-Охрид, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за отпочнување постапка за задолжување заради издавање на банкарска гаранција за потребите на постапката за експропријација за изградба на Автопат А2, делница Кичево-Охрид.

**<u>Точка 2</u>**

Владата го симна од Дневен ред Барањето за пренесување на право на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, со Предлог-одлука.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Концептот на реформи на даночната политика, со прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Управата за јавни приходи да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување и дополнувања на Законот за данокот на добивка, Предлог на закон за

изменување и дополнувања на Законот за данокот на личен доход и Предлог на закон за изменување и дополнувања на Законот за данокот на додадена вредност.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за вработување на инвалидни лица и Предлог на закон за изменување на Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

3. Се задолжува Министерството за правда, во соработка со Агенцијата за млади и спорт, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за спортот.

4. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи да подготви нов посебен закон за доброволно социјално осигурување, со кој што ќе се предвиди можноста т.н. фриленсери, како и лица од другите слободни професии да се вклучат во системот на социјални придонеси на доброволна основа и да ги достави до Владата до 28.2.2023 година.

5. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за финансии, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Управата за јавни приходи да ја преоценат потребата од измена на други закони, се со цел примена на новиот посебен закон за доброволно социјално осигурување и да ги достават до Владата, до 28.2.2023 година.

6.Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Управата за јавни приходи, Министерството за финансии, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и други релевантни институции да ги преземат сите потребни активности и да и предложат на Владата идеен проект за развој и имплементација на дигитална платформа за регистрирање на т.н. фриленсери, како и на лица од другите слободни професии со цел нивно вклучување во системот на социјално осиурување, до 31.3.2023 година.

**<u>Точка 4</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 5</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука на вооружените сили на Република Црна Гора на Армискиот полигон „Криволак“, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за влегување и престој на странски вооружени сили на територијата на Република Северна Македонија заради учество на обука на вооружените сили на Република Црна Гора на Армискиот полигон

Криволак, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на работата и начинот на имплементација на Проектот „е-фактура“ и ја усвои со следните заклучоци (усогласени со Секретаријатот за законодавство):

1. Ја утврди потребата од имплементација на Проектот „е-фактура“

2. Ја утврди потребата од формирање на работна група со цел имплементација на Проектот „е-фактура“.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да ги преземат сите неопходни активности за имплементација на Проектот „е-фактура“ како и одржливост на истиот.

4. Се задолжуваат Министерството за информатичко општество и администрација Управата за јавни приходи, Управата за финансиско разузнавање, Царинската Управа, Народната банка на Република Северна Македонија и Бирото за јавни набавки до Министерството за финансии да номинираат по еден член и еден заменик член во работната група со цел имплементација на Проектот „е-фактура“.

5. Се задолжуваат Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да ги известат сите државни органи во состав на Владата кои имаат во своја надлежност законски или подзаконски акти да ги усогласат со цел имплементација на Проектот „е-фактура“.

6. Се задолжуваат Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да изготват Проект за издржаност-софтвер, хардвер, ресурси со цел имплементација на Проектот „е-фактура“.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Референтниот документ за домашна регулатива во услугите со Листа за измена на Листа на специфични обврски во услугите, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието. За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектиши, министер за економија, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија а за повереници Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**